

Пчиња-деж 1973 г.

# ПЛЕМЕ НА ЉУБОВТА

*"Ако некој мисли дека љубовта и мирот претставуваат клише што требаше да биде напуштено во шеесеттите, тоа е негов проблем. Љубовта и мирот се вечни"*

**Џон Ленон**

Сте го почувствувале ли поривот да се биде поинаков од другите? Желбата да не сте како оние кои ве опкружуваат, да сторите нешто поразлично од другите, да избегате од здодевноста на секојдневието и да им покажете на сите дека правите револуционерен потег... значи, нешто што ќе го промени светот, макар и оној од вашата улица. Така тоа изгледа на микроплан, но историјата на светот познава вистински, големи и значајни промени кои не би се случиле доколку некој или некои таму не го слушаа својот внатрешен повик: стори нешто, промени нешто, излези од просечноста, предизвикај ја иднината, допри ја слободата...

Хипи-движењето доби планетарни димензии, а истовремено предизвика и планетарни ефекти. Временски стиснато во период од дваесетина години (1960-1980), своите корени ги имаше во САД, токму на почва која беше испрскана со крвта од Виетнамската војна... и со тврдата демократија. Земјата во која и тогаш најгласно се зборуваше за слободата, а најперфидно беше ограничувана и кршена. Покрај Индокина, на вратот на **Никсоновата** администрација беа сè уште тешко применливата антирасистичка политика, како и социјалната и интелектуалната криза. Во тој вакуум предизвикан од ерозијата на елементарните човекови вредности, една гене-

**За оваа генерација важи следното: Кога ќе наполнат 70 години, ќе сакаат да бидат новата младина од 30 години. И можеби ќе успеат. А потоа во "мода" ќе биде да се умре**

**Популарна поговорка во тоа време беше: "Не верувај никому над 30 години". Истите тие сега велат: "Не слушај никого под 40 години"**

рација родена меѓу 1946 и 1964 г., повикуваше на нов поредок, антивоен, ненасилен, слободарски, креативен, повикуваше на еднаквост, на единствена борба против конформизмот, туторството, борба која таа генерација ја водеше со цвеќиња, музика и поезија... и, пред сè, со љубов. Подоцна, оваа хипи-генерација, Американците ја нарекоа *Baby Boom,* генерација која ги "измисли" *Коса*, *Исус Христос супер стар*, **Анџела Дејвис**, *Вудсток*, *Дорс*...

*"Стареењето е фасцинантно. Колку стануваш постар, толку постар сакаш да бидеш"*

Кит Ричардс

- **Хаш**, **Елена Стефкова Никодиновска - Енка**, **Васја Ивановски и Анѓел Ситновски - Бојс**. Многумина од луѓето кои беа дел од тоа време се дел од оваа приказна, иако индиректно: **Драган Петковиќ**, **Елеонора Петрова**, **Јордан Живковски - Оле**... Еден од коавторите на овој текст чувствуваше потреба, со оглед на генерациската поврзаност со присутните, да биде дел од од оваа хипи-дружба. Другиот, пак, љубопитно ги

Се појавија многу бендови кои како последица на хипи-движењето, кое потекна од Сан Франциско, наметнаа нови стандарди и нивоа. Дел од нас беа заинтересирани да го прифатат тоа и да го пласираме. Колку успеавме, не знам, ама мислам дека оставивме некоја трага".

"Тие години беа нешто карактеристично", коментира **Хаш**. "Се случуваа многу работи, единствени работи во целиот век. Тогаш се појавија *Битлси*, направија 250 песни и сите се хитови, војната во Виетнам, луѓе прв пат на Месечината, многу настани во културата, музиката, науката итн. Сето тоа даваше некаква енергија. По ова, ништо толку силно не се случи".

**Зорица:** "Кога почнав да другарувам со нив, бев најмлада. Веќе 70-тите години почнав да пеам рок-музика во многу состави, најпрвин во групата *Исток.* Ме интересираше музиката, она што беше врската меѓу сите млади. **Џенис Џоплин** ми беше омилена, па и често на прекар ме викаа така".

**Бојс** се надоврзува: "Иако следевме сè што се случува, сепак, бевме малку назад. Со останатиот свет најчесто се комуницираше преку музиката. Ги слушав **Џими Хендрикс**, **Фил Колинс**, **Питер Габриел**, *Блек Сабат* итн. Љубовта кон живите свирки остана. До ден-денешен одам на концерти".

## Некогаш:


Енка, Париз


Виде & Чауш


Зорица


Чауш, К

Во тој период, на оваа почва функционираше државата СФРЈ, почитувана (заедница на народи и на народности) во целиот свет, а со неа и нејзините граѓани. Тогашна Југославија претставуваше вистински мост на влијанијата на Западот кон Истокот, па не е ни чудо што првите хипи-инфлуенци се почувствуваа токму овде. Така, постземјотресно Скопје беше многу бргу и многу добро информирано за експанзијата на хипиците од таа страна на Атлантикот, за антивоените пораки на младите Американци, за повикот да се води љубов, а не војна...

Овој текст е обид да се направи еден ретро-поглед токму преку искажувањата на наши сограѓани кои се дел од тоа време, луѓе кои самите беа хипи-сцена со сите карактеристики на тоа движење.

Во духот на колективното хипи-дружење, разговаравме (речиси со сите) заедно, како *племето* по толку години повторно да се собрало.

Речиси и да немаше поставување прашања, имаше само одговори и сеќавања.

Наши соговорници во овој текст се: **Ангел Димовски - Чауш**, **Виде Вучевски**, **Милош Коџоман - Мики**, **Зорица Поп Анкова**, **Славчо Талев** следеше сите и ги впиваше нивните доживувања и размислувања. Евоцирањата се одвиваа во кафулето *Медиум - Мала станица*.

**МУЗИКАТА КАКО МОСТ** "За она што се случуваше на другата страна на светот", вели **Васја**, "огромните промени во општеството и во сите сегменти на животот, до нас допираа во почетокот информации, но пред сè посредно, преку музиката, филмот, иако тоа беше дозирано на некој начин... Немавме големи можности комплетно да навлеземе во тие промени. Дури по некое време станавме свесни што се случува. Јас најмногу имав можност да ги осознаам тие промени преку музиката, бидејќи уште тогаш се занимавав со тоа. Тоа беше начин на комуникација и информација. Тоа време беше неописливо доживување. Нашиот прогрес кон светот беше, на некој начин, *Радио Луксембург*, *Радио ВВС*, *Радио Каролина*".

**Бојс**: "Водно, каде што одеа младите тогаш, ечеше од транзисторите на кои се слушаа нашите музички емисии. Луѓето имаа можност од радио (*Радио Скопје*, Втора програма) да слушнат за групите кои тогаш се јавуваа, како *Лед цепелин*, *Ролинг стоунс*, **Ерик Бардон**...

**10-те најпродавани синглови од 70-тите во САД**

1. I Want To Hold Your Hand, The Beatles, 1964
2. The Ballad of the Green Berets, S. Sgt Barry Sadler, 1966
3. It`s Now or Never, Elvis Presley, 1960
4. Hey Jude, The Beatles, 1968
5. Love is Blue, Paul Mauriat, 1967
6. Haper Valley P.T.A., Jeannie C. Riley, 1968
7. I`m a Believer, The Monkees, 1966
8. I Heard It Through the Grapevine, Marvin Gaye, 1968
9. Sugar Sugar, The Archies, 1969
10. Honey, Bobby Goldsboro, 1968

**Васја**: Имав интервју со **Сем Ендрју**, гитаристот на Џенис Џоплин, и разбрав интересни факти за неа. Имам и слика со потпис од Џими Хендрикс, што е реткост. Имав интервју со **Дјук Елингтон**, **Б.Б. Кинг** итн".
Според **Бојс**, сите групи, повеќе или помалку, се темелат на блузот: "**Толкин**, хобити и слично беа како Библија на хипиците. Таа генерација задолжително го читаше Толкин, а дури сега новите генерации дознаваат за него и тоа благодарение на филмот".
**Васја**: "Ако е нешто ултракомерцијално, како што се овие награди *Греми*, имам отпор. Да го снимиш **Стинг** како кива во бања, може да добие награда *Греми*. Можеби е лош пример, ама така е".
**Виде**: "Како синоним остана појавата на *Битлси*, и секој кој имаше коса, за народот беше *Битлс*. До толку тоа влезе во народот".
**Енка**: "Не само што ја слушавме, туку и се дружевме со **Џоан Баез**, најангажираната пејачка против војната во Виетнам".
**Зорица**: "Пеевме многу. Првата песна, со која воопшто почнав да пеам, беше *Proud Mary* од **Тина Тарнер**, а сакав да ги изведувам и *Mercedes Benz*, *Boby McGee*, *Sumertime* од Џоплин. Тоа беше мојата душа, а и сега е. Одевме на *Езерце* и правевме свирки во живо. Знаевме тој мал *Вудсток* да го донесеме овде. Сите беа љубопитни и доаѓаа".
**Виде**: "Музиката донесе најмногу промени. Преку неа дознававме сè. Бев на фестивал на музика и уметност (на тој фестивал имаше рок-опери) во Лондон, Виндзор".
**Васја**: "*Технометал* беше првото наменско диско и таму се играше на рок и на поп. Но, после дојде и диско фазата".

## КОСАТА И ОБЛЕКУВАЊЕТО

"Кога во тоа време бев во Софија", се присетува **Бојс**, "така со коса, брада, ѕвонарки, бунда итн., немаше човек кој не се вртеше по мене. Луѓето реагираа како може некој да се шета така, па и полиција често ме застануваше. Ме прашуваа што работам и им кажував дека сум глумец и дека ги глумам **Никола Карев**, **Гоце Делчев**, комита... на шега".
**Хаш**: "Една група луѓе останаа со своите убедувања и до денес. Еве нè нас, на пример. Јас цел живот не сум ја скратил косата, освен во војска. Уште од школо ја носам долга. Сакавме да бидеме посебни. Кошулите со цветчиња беа главна мода. Сите ги носеа".
**Енка**: "Имам уште делови од гардеробата која ја носев тогаш.
Но, сега мислам дека ова што се прави е едн вид *дежа ву*, веќе видено. Нормално дека секое време си го носи своето".

## АВТОСТОП ПАТУВАЊА

"На 17 години патував автостоп и немав никакви проблеми", вели **Зорица**. "Цело Јадранско приморје го поминав со автостоп, со мои другари. Сега никому не би му препорачала да стопира".
**Бојс**: "Патувањата беа суштинската работа за оваа генерација... Имаше еден автобус кој одеше од Индија до Лондон, а поминуваше и низ Скопје. Се качувавме на него и одевме на едната или на другата страна. Не стигнав до Индија. Отидов само до средна Турција. Тежок пат беше тоа".
**Енка**: "Најдов истомисленици, исти како оние со кои се дружев во Франција и Алжир. Автостопот беше главната авантура. Чувството беше прекрасно. **Елеонора Петрова**, сега амбасадорка во Стразбур, ми беше и сè уште ми е другарка, ги имаше истите идеи и заедно сме поминале многу убави моменти патувајќи со автостоп. Бевме храбри, но и паметни, бидејќи никој од нас не дозволи да му се случат некои лоши работи или да нанесеме некоја штета на родителите. Родителите ме поддржуваа во сè што правев, ме разбираа".
**Чауш**: "Основа на движењето беше патувањето. Оној ´црвен пасош´ беше виза за секаде. Сега никој не патува. Јас бев голем стопер, ама сега никого не качувам. Се сменија времињата. Во 1973 г. со мој другар тргнав за Индија, духовната Мека на хипи-движењето. Како уметници имавме можност да заработиме некој денар. На пат тргнав со тогашни 100 марки. Истанбул беше собиралиште на младите отсекаде. Имаше едно кафеанче, *Пудинг шоп - Лале*. Таму имаше и огласна табла каде што доколку си сам, можеш да си најдеш друштво, партнер за патување. И понекој оглас од мајка која бара детето да ѝ се врати дома. Оттаму до Техеран патувавме 48 часа, со воз, во трета класа. Преполно беше, ама пак сите патувавме. Оттаму со автобус до Авганистан. Плажи теравме на Касписко Море. Па застанавме во Кабул. Но тогаш, една ноќ, слушнавме пукање. Сабајлето цел Кабул беше окупиран со војска, бидејќи царот **Фарук** го симнаа и комунистите дојдоа на власт. Границите се затворија. Надвор може, ама да се влезе не може. Ако одевме за Индија, немаше да можеме да се вратиме. Така, се вративме дома. Тие што отидоа, одвај се вратија".
**Виде**: "И Дубровник, а и Сараево, станаа хипи-градови. Интересно место откривме на Крит, Матала. Потоа сите доаѓаа таму. Како станица беше, бидејќи има убави плажи и пештери".

## БУНТОТ И СЛОБОДАТА

"Зошто баш ние? Прашање на природа. Сите имаа некои информации од Западот, а ние веројатно сме имале антена повеќе. Најчесто се вртевме кон уметностите. Во *Комуната* имаше многу


...л


Милош


Елеонора Петрова


Хаш & Оле


Васја


Бојс

*"ПОЗНАВАЈЌИ СЕ СЕБЕСИ, СИГУРНО ЌЕ БИДАМ УАПСЕН НА СОПСТВЕНИОТ ПОГРЕБ"*

**Џими Хендрикс**

надарени луѓе", коментира **Милош**.
**Енка:** "До ден-денес се чувствувам како некој кој сака да го менува светот. Јас сум Македонка која живеела во Алжир и во Франција. Кога дојдов овде во 1971 г. веќе бев на некој начин ´готов´ човек. Алжир беше претесен и ние, како таква генерација, патувавме, одевме во Мароко, во Сахара... Тоа беше моето прво доживување на слободата, Сахара, каде што небото и земјата се спојуваат, а вие со група на истомисленици станувате дел од тоа".
**Милош**: "Таа едноличност на рајата во тоа време, чувството дека дефинитивно нешто треба да се смени, падна на една група луѓе со одредено либидо или чувство на слобода, т.е. на нашата група. Ние најмногу бевме 30-40 луѓе. Таа група, која почзок контакт. Се велеше дека првите неколку недели се држите за рака, наредните се гушкате, па се бакнувате, е требало да поминат неколку години за да се споите комплетно. Нам тоа ни беше смешно. Тоа беше револуционерно на некој начин. А девојките со нас доаѓаа скришно. Иако им бевме чудни на повеќето, сепак, им бевме мили. Девојките кои се дружеа со нас беа храбри".
**Зорица**: "Движењето пропагираше и сексуална слобода, па затоа бодевме во очи".
**Влатко**: "Хипиците не признаваа љубомора, па сексот беше полиберален. За тие конзервативни времиња, тоа беше грев, барем овде".
**Зорица:** "Е, па, затоа ни лепеа етикети".
**Виде**: "*Пчиња - деж* беше минијатура на хипи-движење на овие простори. Тоа де голем револт. Поентата на изложбата не беше да се пропагира дрогата, туку сосема спротивното. Лесните droги постоеја, но не се злоупотребија, како што многумина мислеа. Поединци имаше, нормално, но не смее да се генерализира".
**Милош**: "Тогаш никој не веруваше во нас. Се предвидуваше дека ние ќе пропаднеме во животот. Но, за нивна жал, а за наше добро, од тоа ништо не бидна. Колку што следам, повеќето станавме успешни луѓе и имаме семејства. Докажани сме во своите профили. Дрогата егзистирала и пред тоа, во сите системи. Зошто се врза за тоа движење е друго прашање".
**Енка:** "Сега на овие години, на хипиците се навраќаат како на група наркомани, зависници. Нема врска. Тоа

## Сега:


Елена (Енка) Стефкова Никодиновска


Ангел Димовски Чауш и Виде Вучевски


Зорица Поп Анкова

на да се однесува 100 насто различно (во смисла на размислувањето, апсолутна слобода, конфронтирање со нормите) од останатите беше многу мала, ама ја имаше. Дојдоа и рефлексии во однос на стилот, имиџот, однесувањето, дружење низ животот".
**Влатко:** "Американската генерација се обиде да се бунтува против клишеата на системот, пред сè против војната. Бунтот го искажуваа преку музиката, начинот на облекување, изгледот, однесувањето, создавањето хипи-комуни, спиењето во паркови со шатори итн. Но, таквото движење, со таа слобода, не се рефлектираше кај нас. Сега нема хипи-движење, туку хипи како начин на живот, во смисла на социјална немоќ да се живее поинаку".
**Милош:** "Експериментиравме во спознанијата да откриеме што стои зад табуата во општеството, на пример, колку време треба да поминеш со една девојка за да имаш најблиТаквите пикници нè обединија. Тоа беа нашите хипи-комуни".
**Милош**: "*Деж* значеше надеж дека идната младина ќе биде слободна и масовно ќе се собира. Странците нè фотографираа како светско чудо, бидејќи не веруваа дека во такво општество има хипи-движење".
**Енка:** "Мислам дека нè направија среќни вредностите што си ги задржавме".

### ХИПИЦИТЕ И ДРОГАТА

"Во Скопје доаѓаа многу автостопери", раскажува **Васја**. "Се случуваше да сретнам некои од нив, во парк, Американци. Имаше и такви кои виткаа (мислам хашиш) и пушеа. За нас тоа сè уште беше табу-зона".
**Бојс**: "Кај нас го имавме афионот. Нели се произведува кај нас, па луѓето си купуваа опиум".
**Зорица**: "Првата изложба на Коџоман, со наслов *Дрога*, за 24 часа беше затворена. Кај сите нас се создае само една голема етикета. Имало некои што употребувале дрога, но не може да се генерализира. Јас не сум припаѓала на таа група. Немам ништо заедничко со тоа, ниту пушам цигари, нити пијам жесток алкохол. Јас сум зачувала добри вредности од тоа време".
**Зорица**: "Иако најголемите наши идоли починаа од дрогата, кај нас како да не се пренесе таа зла среќа".
**Милош**: "Ние живееме изворно, а денешниве виртуелно".

### LIBERTE, FRATERNITE, EGALITE

"Парите не играа никаква улога - ако имаше еден, имаа сите", вели **Чауш**. "Сите се возеа со иста кола, сите ја носеа истата јакна, ја вртеа. Немаше поделби, навистина. Дури тие што имаа повеќе, како да се срамеа од тоа. Духовните вредности беа различни од денешниве. Немаше шанси тогаш да ни значи нешто ако некој е од друга националност, вера. Братство-единство не беше измислица. Функционираше".
**Енка:** "Имав многу пријатели од Франција кои доаѓаа и им се бендиса она што го доживееја овде и често се враќаа. Се среќавам сега со бројни дипломати, со кои имам едно одлично друштво. Многумина ги имале истите идеи кои сум ги имала јас тогаш.

*"Не знам ништо за музиката. Од оваа позиција, не ни мора да знаеш"*
Елвис Присли

И сега постои тоа кај нас".
**Хаш**: "Имаше натпревар во тоа кој каква музика слушнал, па и кој колку поедноставно се облекол, но никогаш во тоа кој колку има".
**Енка:** "Луѓето што си ги зачуваа тие идеи се среќни. И јас сум среќна. Ако треба да го живеам истиот живот, апсолутно веднаш би го живеела".

**ТРН ВО ОКО** "Властите нè следеа", вели **Милош**, "зашто сакаа да дознаат што се крие зад тој наш начин на живот. Не им беше јасно дали зад тоа стои ´озбилна´ идеологија, која би била закана за постоечката. Но, бидејќи не беа информирани, зашто слабо ги ловеа информациите што се случува во светот, сè што доаѓаше од Америка или од Запад, сè беше негативно".

што не смееше да му се случи на системот. Ниту еден систем не може да победи нешто што е добро".

**ДЕЦА И РОДИТЕЛИ** "Во тоа, условно кажано, племе, немаше задни мисли", коментира **Милош**. "Сега младите имаат чувство дека сè е беспредметно, дека се изгубени, немоќни и нема што да критикуваат".
**Енка**: "Ние како родители ги разбираме и ги поддржуваме нашите деца. Но, не значи дека детето е одраз на родителите. Еве, мојот син, далеку од тоа дека сака да носи коса, обетки итн. Но, вредностите му се слични на нашите".
**Васја**: "Можеби во еден сегмент. Се трудиш да подигнеш дете, онака како што сметаш дека е добро, позитивно. Веројатно се базираш на некои свои искуства, но добар дел треба да оставиш и на самото дете, да открие нешто и само, да не ги наметнуваш стереотипите и идеите кои важеа тогаш".
**Бојс**: "Што се однесува до музиката, мислам дека ние ги воспитувавме родителите, место тие нас. Еве, на пример, мајка ми ги препознава Џоплин, **Џо Кокер**, *Цепелин*, иако има 77 години".
**Зорица**: "Кај мене не постои табу-тема за разговор, и со моите ученици и со моите деца. Милувам да кажам дека мајката е лакот, детето е стрелата. Лакот треба да ја затегне стрелата, а таа сама ќе си ја најде целта. Ги воспитувам моите деца да си ја сочуваат самостојноста".
**Чауш**: "Кај денешните млади е присутно чувството дека останале сами.



Милош Коџоман



Славчо Талев Хаш и Јордан Живковски Оле



Ангел Ситновски Бојс



Васја Ивановски

**Хаш**: "Сега е обратно".
**Зорица**: "Да се биде женски рок-пејач, во тоа време беше страшно за другите. Се изнаслушав *бош* муабети за тоа која сум, што правам итн. Едноставно, на луѓето им беше тешко прифатливо".
**Влатко**: "Периодот на хипи-движењето реализираше и промовираше еден колективитет, за разлика од сега доминантниот егоизам. Колективниот дух на еден *Вудсток* колку ли само ги исплаши властите".
**Зорица**: "Хипи-движењето беше на маргините, етикетирано, нешто

Иако се тоа прекрасни млади луѓе, не можат да се потпрат на системот, туку само на самите себе".
**Енка**: "Јас живеам со моето минато. Не со носталгија, туку со задоволство се присеќам на некои моменти. Меѓутоа, мислам дека не сум се променила. Младите сега имаат празнини. Не ја знаат целосната слика на нашата младост".



Д-р Тимоти Лири (1920-1996) во некои кругови го сметаат за татко на хипи-филозофијата. Поранешен професор на Харвард и на Беркли, како и на универзитетите во Вашингтон и во Алабама, психолог-иноватор кој експериментираше со ацид, псилосибим и други халуциногенати. Освен што автоекспериментираше, негови доброволци беа и видни боеми како Телониус Монк, Олдоз Хаксли, Ален Гинзберг, Вилијам Бароуз и Џек Керуак. Контроверзен, но и доследен во својата примарна идеја: слобода и одговорност. Даде силен поттик во дефинирањето на хуманистичката револуција и редефинирањето на слободата. Според Ричард Никсон, Тимоти Лири беше најопасниот човек во Америка. Еве неколку негови бисери:

"Сега сме само камчиња на плажата, но еден ден ќе бидеме дел од брегот"

"Ацидот не е за секој мозок - по ваквите искуства треба да посегаат само оние кои се здрави, среќни, згодни, целосни, оние кои имаат надеж, смисла за хумор и кои не можат да запрат. Овој вид елитизам се самоопределува во целост. Значи, ве молам, воздржете се ако не сте самоуверени, самодоволни и самоизбрани"

"Ацидот има три нус-појави: зголемена долга меморија, намалена кратка меморија и уште нешто... не се сеќавам"

"Цивилизацијата е неподнослива, додуша помалку ако се наоѓаш на врвот"

"Мисли за себе и сомневај се во авторитетите"

**Влатко ГАЛЕВСКИ &**
**Мери БАКАЛОВА**



